**Основен суд Охрид**
**Су – 04 бр. 4/23**
**23. 02. 2023 год.**
**О х р и д**

Врз основа на чл.18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ." бр.43/15, 98/15, 33/15, 6/16 и 198/18 ) во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Охрид, Су -03 бр. 39/16 од 28.01.2016, Су -03 бр. 264/18 од 21.12.2018, Су -03 бр. 264/18-2 од 27.07.2021 , Основниот суд Охрид, на ден 23.02.2023 година, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2023**

- За вработување на определено време –

За вработување на судски службеници и лица кои вршат технички-помошни работи на **определено време** за следните работни места:

**1. Самостоен судски референт- технички секретар на претседателот, категорија „Г" ниво „Г-1" .......... - 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.
***Работно искуство:*** најмалку 3 години работно искуство во струката.
Платата на судскиот службеник ќе изнесува 24.000,00 денари.

**2.Самостоен судски референт- водител на писарница, категорија „Г" ниво „Г-1".......... - 2 (двајца) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.
***Работно искуство:*** најмалку 3 години работно искуство во струката.
Платата на судскиот службеник ќе изнесува 23.800,00 денари.

**3.Виш судски референт- извршител во писарница категорија „Г" ниво „Г-2"................. - 2(два) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.
***Работно искуство:*** најмалку 2 години работно искуство во струката.
Платата на судскиот службеник ќе изнесува 23.000,00 денари.

**4. Судски референт-дактилограф, категорија „Г" ниво „Г-3" ..........- 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.
***Работно искуство:*** - најмалку 1 година работно искуство во струката.
Платата на судскиот службеник ќе изнесува 22.600,00 денари.
***Посебни работни компетенции:***
Познавање вештини од компјутерско пишување - дактилографија

**5. Помлад судски референт- извршител во писарница, категорија „Г" , ниво „Г-4"..................... - 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.
***Работно искуство:*** без работно искуство .
Платата на судскиот службеник ќе изнесува 19.500,00 денари.

**6. Помлад судски соработник, категорија „В" ниво „В-4"......- 3 (тројца) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет.
***Работно искуство:*** Со или без работно искуство во струката.
Платата на судскиот службеник ќе изнесува 31.000,00 денари.

***Посебни работни компетенции за работните места под реден број 1, 2, 3, 4, 5, и 6:***
Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
Работни часови неделно :40 часа;
Работно време од 07:30 до 15:30 ;
Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот;
Работни денови : од понеделник до петок.

7. **„Хигиеничар“ – 2 (два) извршители**
Услови што се бараат за вршење на работата:
***Стручни квалификации:*** Стекнато средно образование
***Работно искуство:*** Со или без работно искуство во струката.
***Посебни работни компетенции :***
Платата на вработениот ќе изнесува 19.000,оо денари.
Работни часови неделно :40 часа;
Работно време од 6,00 – 8,00 и од 15:00 до 21:00 .
Дневна пауза од 17:30 до 18:00 часот.
Работни денови : од понеделник до петок.

Покрај наведените посебни услови заинтересираните **кандидати треба да ги исполнуваат и следните општи услови предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:**
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место ( не постаро од 6 месеци)
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност ( не постаро од 6 месеци)

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со Пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во Основен суд Охрид на приемна писарница или да ја симнат од веб страната на судот www. osohrid.mk.
Кандидатите кон пријавата можат да приложат :
-извод од историјатот на вработувања, доколку кандидатот бил претходно вработен , издаден од Агенцијата за вработување
-други документи од интерес за работното место
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост,читливо,прецизно и со точни податоци.
Рокот за пријавување трае 5 (пет) дена сметано од денот на последното објавување на огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).
Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.
Во моментот на поднесувањето на пријавата со доказите, кандидатите треба да ги исполнуваат условите наведени во огласот.
Пополнетата пријава заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови ( за стручните квалификации, работното искуство и посебните работни компетенции ) кандидатите се должни да ги достават непосредно преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака за Оглас бр. 1/2023, на следната адреса:

Основен суд Охрид ,
Бул. „ Македонски просветители,, бр. 8,

ОСНОВЕН СУД ОХРИД